**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО**

# *ПСИХОЛОГИЈА*

**ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ**

**ЗА IV ГОДИНА**

***јазично-уметничко подрачје***
***општествено-хуманистичко подрачје***

**Скопје, 2003 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ПСИХОЛОГИЈА

**1.2. Вид на средно образование:** гимназиско

**1.3. Година на изучување на наставниот предмет:** четврта

**1.4. Број на часови на наставниот предмет**
Број на часови неделно: 2 часа
Број на часови годишно: 66 часа

**1.5. Статус на наставниот предмет:** изборен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

### 2.1. Општа цел

Учениците да се оспособат да ги разберат основните методолошки аспекти на психологијата, како и биопсихолошките, когнитивните, развојните и социокултурните процеси на човековото однесување и своите знаења практично да ги применуваат во запознавањето на себеси и другите во секојдневниот живот и во идната професија.

## 2.2. Конкретизирани цели

Изучувањето на оваа програма на учениците ќе им овозможи:

- да го развијат интересот за психолошките феномени и да ги сфатат вредностите на психологијата како научна и практична дисциплина;
- да се запознаат со основната психолошка терминологија и правилно да ја користат при опишувањето на однесувањето;
- да ги согледаат разликите меѓу сродните поими (осети и перцепции, илузии и халуцинации, осети и чувства, емоции и чувства);
- да ги надминат предрасудите и заблудите за психичките појави;
- да научат да ги интерпретираат своите доживувања и искуства во согласност со психолошките научни сознанија;
- да ги разберат основните истражувачки приоди што се користат во психологијата и да прават критичка анализа на резултатите од нив;
- да ја разберат поврзаноста и меѓусебната зависност на психата и телото;
- да го разберат влијанието на наследните и срединските фактори врз развојот и однесувањето на човекот;
- да ја разберат комплексноста на однесувањето и менталните процеси;
- да водат грижа за менталното здравје, како своето така и на другите луѓе;
- да применуваат техники за стимулирање на сопствените способности (меморија, интелигенција, креативност, метакогниција) со цел да постигнат личен растеж;
- да можат полесно да донесуваат информирани одлуки за себе и за другите;
- да препознаваат експлицитни манифестации на нормално и патолошко во психичкиот живот;
- да го развијат критичкото мислење (аргументирано да размислуваат за темите, да ги разгледуваат од различни аспекти);
- да развијат социјални вештини ( да умеат да соработуваат со други членови од тимот при изработка на групни проекти);
- да ги разбираат и применуваат етичките принципи во психологијата;
- да ги разберат и почитуваат разликите меѓу луѓето во однос на нивната полова, социоекономска, возрасна етничка, религиска и друга припадност.

# 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на програмските содржини и постигнување на целите потребни се предзнаења од следниве наставни предмети што ученикот веќе ги изучувал: биологија (VIII одделение, I и II година), социологија (II година), математика (содржини од статистика од основно училиште и I, II и III година), јазик, литература и уметности од основно училиште и од I, II и III година гимназија.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на ча-сови | Конкретни цели | Дидактички насоки* | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ВОВЕД ВО ПСИХОЛОГИЈА-ТА И МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ**<br>**- предмет и подрачја на примена на психологијата**<br><br>**- методи на истражување во психологијата**<br><br>**- основни статистички показатели** | 6 | Ученикот ќе може:<br>- да ја дефинира психологијата како научна и практична дисциплина што се занимава со менталните процеси и со однесувањето;<br>- да ги идентификува областите во кои се користат психолошките знаења (образование, индустрија, здравје, спорт, култура, социјални дејности и сл.) и применетите психолошки дисциплини;<br>- да ги дискутира етичките обврски во употребата на психолошките знаења;<br>- да ги опшува и споредува квантитативните и квалитативните приоди во психолошките истражувања;<br>- да ја објасни важноста на користењето на примерок во психолошките истражувања;<br>- да ги искористи основните статистички | Наставникот:<br>- насочува дискусија за научно и лаичко толкување на психичките појави;<br>- развива дискусија за подрачјата на примена на психологијата;<br>- развива дискусија и организира драмски работилници за етичките прашања на користењето на психолошките и “психолошките” знаења;<br>- го објаснува карактерот на квалитативниот и квантитативниот приод и дава примери од психолошки истражувања; | - Претходните знаења од биологија;<br>- искуствата на учениците од секојдневни-от живот.<br><br>- Математика |

* Дидактичките насоки се само препораки што упатуваат првенствено на користење на активни методи на учење, а наставникот е слободен во изборот на наставните методи и постапки со кои цени дека најефикасно ќе се постигнат целите на наставата.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **- етички прашања на истражувањата и користењето на психологијата** | | показатели од дескриптивна статистика и мерките на централна тенденција при објаснување на резултати од психолошки истражувања;<br>- да ги препознае и објасни етичките прашања во психолошките истражувањата на луѓе и на животни; што се важни за психологијата. | - организира дискусија за користењето на примерокот во психолошките истражувања;<br><br>- задава задача на група ученици да дизајнира истражување на психолошки проблем;<br>- помага на учениците во дизајнот и спроведувањето на истражувањето. | (статистика)<br><br>- Биологија (дел за методите)<br>- Искуството од секојдневниот живот |
| **2. БИОПСИХО-ЛОГИЈА**<br><br>**- биолошки основи на психичкиот живот**<br><br><br><br><br><br>**- осети и перцепции**<br><br><br><br><br><br><br><br>**- мотивација и** | **15** | - Да ја опише невро-физиолошката основа на психичкиот живот (функцијата на ЦНС и ендокриниот систем, специјализирани функции на двете мозочни хемисфери, поврзаност на облиците на однесување со лачењето на хормоните);<br>- да ја објасни улогата на наследството и средината во психичкиот развој на единката;<br><br>- да разликува  дразба и осет, осет и перцепција;<br>- да ги примени  принципите од областа на осетливоста во рекламирањето, модното дизајнирање, архитектурата, музиката;<br>- да го објасни влијанието на срединските и персоналните фактори врз перцепцијата;<br>- да ги разликува видовите сетилни измами (илузии и халуцинации);<br>- да ги опише природата и карактеристиките на вниманието; | - Ги систематизира знаењата од биологијата за функцијата на ЦНС и ендокриниот систем;<br>- покажува цртежи, слики, слај-дови или врши видео-презента-ција на структурните елементи на ЦНС и жлездите со внатрешно лачење;<br>- поттикнува и насочува дискуси-ја за влијанието на наследството и средината во психичкиот развој на единката;<br>- преку примери ја демонстрира разликата меѓу осетите и перцепциите;<br>- бара од учениците да ги поврзат принципите од областа на осет-ливоста и перцепцијата со искус-тва од секојдневниот живот и со апликацијата во одредени професии; | Биологија<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>- Искуството од секојдневниот живот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **емоции;**<br><br>**- стрес и справување со него** | | - да ја објасни мотивацијата и да ја дискутира нејзината важност за однесувањето;<br>- да разликува биолошки и социјални мотиви;<br>- да ја дискутира интеракцијата на физиолошките, афективните, когнитивните и бихевиористичките аспекти на емоциите;<br>- да прави разлика меѓу емоции и чувства и да разликува различни видови емоции и чувства;<br>- да ги објасни позитивните и негативните страни на контролата на емоциите;<br><br>- да ги идентификува и објасни главните извори на стрес (конфликти и фрустрации);<br>- да примени некои  стратегии за справување со стрес. | - бара и прикажува примери за влијанието на срединските и персоналните фактори врз перцепцијата;<br>- бара од учениците да ги издвојат сличностите и разликите меѓу илузиите и халуцинациите;<br>- ги објаснува карактеристиките на вниманието и дава примери за секоја од нив;<br>- организира дискусија за улогата на мотивацијата во однесувањето на човекот;<br>- организира работилница за биолошките и социјалните мотиви;<br>- преку примери од лично искуство бара опис на изразувањето на различни видови емоции;<br>- презентира различни класификации на видовите емоции и чувства;<br>- организира играње улоги за контрола на емоциите и развива дискусија;<br>- ги објаснува поимите *фрустрација* и *конфликт* и поттикнува дискусија за нивното влијание во појавата на стрес; | - Ликовна култура<br><br>- Музичка култура |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3. КОГНИТИВНА ПСИХОЛОГИЈА**<br>**- учење и помнење** | **13** | - Да ги разликува основните видови учење (класично условување, инструментално и когнитивно учење);<br>- да ги опише трите основни фази во обработката на информациите;<br>- да ги разликува краткотрајната и долготрајната меморија;<br>- да користи техники за подобрување на помнењето; | - го објаснува и илустрира со примери влијанието на одбранбените механизми и когнитивните стратегии (решавање проблеми и др.) во справувањето со стрес;<br>- ги презентира механизмите на основните видови учење и ги поврзува со секојдневното искуство;<br>- ги објаснува кодирањето, складирањето и извлекувањето на информациите од меморијата;<br>- ги наведува и објаснува карактеристиките на краткотрајната и долготрајната меморија;<br>- организира работилница за техники за подобрување на помнењето; | - Социологија<br><br>- Искуството на учениците од секојдневниот живот |
| **- мислење и јазик** | | - да ги објасни претставите и поимите како средства на мисловната активност;<br>- да примени стратегии за решавање проблеми и донесување одлуки;<br>- да ги опише структурните карактеристики на јазикот и говорот;<br>- да прави разлика меѓу говорот кај човекот и комуникацијата кај животните;<br>- да ги дискутира различните хипотези за односот меѓу мислењето и говорот; | - ги објаснува средствата и текот на мисловната активност;<br>- презентира стратегии за решавање проблеми и донесување одлуки;<br>- ги објаснува карактеристиките на јазикот и говорот;<br>- организира дебата за сличностите и разликите меѓу говорот кај човекот и комуникацијата кај животните; | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | - презентира научни сфаќања за односот меѓу говорот и мислењето; | |
| **- состојби на свеста** | | - да ги опише карактеристиките на спиењето и да објасни зошто спиеме;<br>- да ги објасни измените на свеста предизвикани од дроги и психоактивни супстанци. | - научно ги објаснува текот на спиењето и потребата за спиење;<br>- организира дискусија за влијанието на дрогите и другите психоактивни супстанци врз свеста на индивидуата. | - Мајчин јазик и литература;<br>- секојдневното искуство; |
| **4. РАЗВОЈ НА ПСИХИЧКИОТ ЖИВОТ**<br><br>**- настанување и развој на психичкиот живот**<br>**- филогенетски развој**<br>**- фактори на психичкиот развој на човекот**<br>**- онтогенетски развој**<br><br>**- периоди на развој**<br>**- развојот како долготраен процес** | **10** | - Да ги опише основните карактеристики на развојот на живата материја (надразливост, осетливост, пластичност) и трите нивоа на развој на психичкиот живот (инстинкти, навики, интелектуално однесување);<br>- да ги објасни и разликува поимите филогенетски и онтогенетски развој;<br>- да го објасни развојот како долгорочен процес кој трае низ целиот живот;<br>- да ги опише факторите за развојот на личноста и да ја објаснува нивната поврзаност и условеност;<br>- да прави разлика помеѓу биолошките и социјалните фактори и самоактивноста, и да го објасни нивното влијание врз психичкиот развој;<br>- да ги објасни основните карактеристики на лонгитудиналниот и трансферзалниот приод во истражувањето на развојот;<br>- да ги идентификува развојните периоди и да ги опише нивните карактеристики;<br>- да го дискутира значењето на раното | - Дава објаснување на основните карактеристики на развојот на живата материја;<br>- бара од учениците преку примери да ги демонстрираат разликите помеѓу трите нивоа на развој на психичкиот живот;<br>- ги објаснува поимите филогенетски и онтогенетски развој;<br>- организира дискусија за влијанието на факторите во развојот на индивидуата;<br>- ги објаснува основните приоди во истражувањето на развојот;<br>- ги објаснува развојните периоди и поттикнува дискусија за карактеристиките на секој од периодите;<br>- презентира сознанија и резултати од научни истражувања за значењето на раното искуство; | - Претходните знаења од биологија<br><br>- Искуството на учениците од секојдневни-от живот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **- теориски приоди во објаснувањето на развојот**<br><br>**- влијанието на технологијата врз развојот** | | искуство врз основа на научни истражувања и лично искуство;<br>- да ја дискутира улогата на родителите, училиштето и врсниците во развојот<br>- да дискутира за влијанието на културата врз развојот;<br>- да ги опише карактеристиките на адолецентниот период користејќи самонабљувување;<br>- да ги примени принципите на развојот во сопственото искуство;<br>- да го опише преминот од еден во друг развоен стадиум;<br>- да дискутира за бројните морални дилеми со кои се сретнува младиот човек;<br>- да ги опише карактеристиките на зрела личност;<br>- да ги објасни основните теориски приоди во објаснувањето на развојот (психоаналитички, бихевиористички, когнитивистички);<br>- да го дискутира влијанието на технологијата врз квалитетот на живеењето;<br>- да дебатира за негативните ефекти на медиумите, односно дали насилството во медиумите предизвикува агресивно однесување. | - иницира и насочува дискусија за влијанието на социјалните агенси врз развојот на индивидуата;<br>- ги поттикнува учениците на самонабљудување и анализирање на сопственото однесување во разни ситуации;<br>- бара од учениците поврзување на содржините со искуствата од секојдневниот живот;<br>- ги систематизира знаењата за промените настанати низ развојот во сите сфери на психичкиот животот;<br>- ги објаснува основните карактеристики на главните теориски пристапи во објаснувањето на развојот на личноста;<br>- организира дебати за влијанието на технолошкиот развој врз квалитетот на живеењето. | - Филозофија<br><br>- Искуството од секојдневни-от живот |
| **5. СОЦИОКУЛТУРНИ АСПЕКТИ НА ОДНЕСУВАЊЕТО** | **20** | - Да ја дефинира личноста како уникатна организација на особини на индивидуата што го определуваат начинот на мислење, чувствување и делување; | - организира бура на идеи “што е личност”;<br>-организира работилница во која учениците ги идентификуваат | - Искуството од секојдневниот живот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **- личност и теории за личноста**<br>**- особини на личноста и нивно оценување**<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>**- индивидуални разлики**<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>**- психички** | | - да ги набројува и опишува основните особини на личноста (карактер, темперамент, способности, интереси);<br><br>- да прави разлика меѓу објективните и проективните техники за оценување на личноста;<br>- да ги дефинира и објасни основните карактеристики на тестовите на личноста (валидност, релијабилност);<br>- да ги објасни влијанието на наследството и средината на формирањето на личноста;<br><br><br><br><br>- да ја дефинира интелигенцијата преку поврзување со когнитивните вештини и стратегии;<br>- да го опише развојот на интелигенцијата во текот на животот;<br>- да ги опише основните теории на интелигенцијата (психометриски наспроти теориите за мултипла интелигенција);<br>- да опише основните поставки во тестирањето на интелигенцијата;<br>- да ја објасни поврзаноста меѓу интелигенцијата и постигањата.<br><br><br><br>- да ги наброи и објасни најчестите показатели на пореметено однесување; | своите особини;<br>- елаборира како личноста ја објасува константноста и индивидуалните разлики;<br>- објаснува и демонстрира техники за оценување на личноста;<br>- организира дискусија за карактеристиките на добар тест на личност;<br>- организира дискусија за влија-нието на средината и наследст-вото во формирањето на личноста;<br>- информира за резултати од научни истражувања за личноста;<br>- организира бура на идеи “што е интелигенција”;<br>- објаснува сфаќања за интели-генцијата и начините на мерење;<br>-организира дискусија за карактеристики на добар тест за интелигенција;<br>- покажува и демонстрира тестови за мерење на интелигенција;<br>- организира дискусија за факторите на постигањата;<br>- прикажува податоци од научни истражувања;<br>- организира дискусија за нормално и ненормално, за | <br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>- литература<br>- ликовна и музичка уметност<br><br><br><br><br><br><br>- Искуството од секојдневен живот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **пореметувања на личноста**<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>**- социјални и културни димензии на однесувањето** | | - да го поврзе судот за нормално и ненормално со општествениот контекст и да го дискутира прашањето на етикетирањето поврзано со психичките нарушувања;<br>- да ги опише најпознатите причини за психичките нарушувања и да ја објаснува и дискутира превенцијата на менталното здравје;<br>- да ги опише основните приоди во третманот на психичките нарушувања (биомедицински, психоаналитички, бихевиорален, когнитивен);<br><br><br>- да ја објасни перцепцијата на личноста и факторите што влијаат на неа;<br>- да опише како атрибуцијата влијае на објаснување на однесувањето;<br>- да ги разликува ставовите од другите особини на личноста и да го објаснува нивното формирање;<br>- да дискутира како социјалните (пол, етницитет, професија, место на живеење и сл.) и културните (образование, интереси) категории влијаат врз однесувањето;<br>- да го опише и дискутира влијанието на другите луѓе врз однесувањето на индивидуата;<br>- да ја објаснува природата на предрасудите и дискриминацијата;<br>- да ја опишува и објаснува природата на конформизмот; | причините на пореметено однесување;<br>- објаснува видливи карактеристики на нарушено однесување;<br>- објаснува приоди во третман на психички нарушувања;<br>- организира дискусија за менталното здравје и превенцијата;<br>- организира дискусија за етичките прашања на третманот на психичките нарушувања;<br>- огранизира работилници за перцепција на личноста;<br>-организира дискусија за факторите на перцепцијата;<br>- ја објаснува атрибуцијата и организира дискусија за нејзиното влијание врз однесувањето;<br>- презентира резултати од научни истражувања;<br>- го објаснува поимот и природата на ставовите и организира дискусија за нивно влијание на однесувањето;<br>- организира дискусија за влијанието на социјалните и културните карактеристики врз однесувањето;<br>- организира дискусија за предрасуди, стереотипи, дискриминација, конформизам, алтруизам, агресивно однесување; | - Искуството од секојдневен живот<br><br><br><br><br><br><br><br><br>Социологија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ја дискутира природата на алтруизмот;<br>- да дискутира за природата и последиците од агресивното однесување. | - презентира резултати од научни истражувања;<br>- организира симулации и демонстрации на конформистичко однесување, алтруистичко однесување;<br>- организира дискусија за природата на конфликтите и начините на нивно разрешување. | |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Според зацртаните цели на наставната програма по психологија покрај традиционалните методи (предавање, работа со текст) треба да се користат и методи на активно учење: насочена дискусија, играње на улоги, учење преку откривање, техники на продуктивно мислење, групна работа, изработка практични трудови, графички организатори, дебатни техники и др.
Од учениците ќе се бара да доаѓаат до информации од различни извори, потоа да ги анализираат, синтетизираат и презентираат во вид на усни и презентации и практични изведби.
Прашањата и задачите од наставникот треба да бидат првенствено насочени кон барање мислења, продуцирање идеи, анализа и аргументација на ставовите. На учениците треба да им се даде можност и  сами да поставуваат прашања на кои ќе бараат одговори од разни извори и преку истражувања.

Најчести активности на ученикот: слуша, чита, набљудува, забележува, реагира, бележи, подредува, поврзува, објаснува, анализира, воопштува, заклучува,открива, дискутира, прашува, игра улоги, зазема став, проценува, истражува.

Вообичаени активности на наставникот: планира, организира, обезбедува средства и материјали, излага, објаснува, насочува, прашува,  дискутира, поттикнува, оценува, упатува, ја анализира и проценува сопствената работа.

## 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставниот предмет се изучува со два часа неделно во текот на една учебна година. Наставните содржини се во функција на општото образование, професинална ориентација и личен развој. Наставата се реализира според глобалното и тематското планирање на содржините и активностите.
Начинот и длабочината на обработката на одделни теми од програмата треба да се прилагоди на интересите на учениците, актуелните случувања во непоредната средина и во општеството и условите во училиштето. Пожелно е наставникот да ги има предвид посебните афинитети на учениците и со методите што ги користи и задачите што ги задава да прави диференцијација според содржините и според интересите и потенцијалите на учениците.
По правило, наставата се одржува во кабинет или во училница. Некои содржини можат да се реализираат и на други места (театар, галерија, болница и сл.).
Во реализацијата на наставата, покрај наставникот, можат да се вклучат и други стручни лица.

## 4.4. Наставни средства и помагала

Во наставата се користат техничките средства со кои располага училиштето (графоскоп, дијапроектор, видеорикордер, видеокамера, касетофон, фотокопир, компјутер и сл.).
Наставникот треба да користи прирачник за реализација на програмата, нагледни средства како шеми, слики, модели, фотографии, видеоснимки, тестови, написи и сл. Потребно е училиштето да поседува психолошка литература (книги, списанија) што ќе ја користат наставникот и учениците, а препорачливо е на наставникот и на учениците да им е достапна и Интернет врска.
Неопходно е учениците да користат учебник соодветен на наставната програма.

# 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на учениците се врши континуирано со користење на различни методи и инструменти (усно презентирање, есејски трудови, тестови, ученички проекти, чек листи, систематско набљудување на практичните изведувања).
Стандардите и критериумите за оценување на учениците произлегуваат од наставната програма и учебникот[1]. Со нив наставникот треба да ги запознае учениците на почетокот на изучувањето на програмата. Постапките за оценување, исто така, треба да им бидат однапред познати на учениците.

[1] Додека не бидат донесени други видови стандарди.

Во текот на годината се врши формативно оценување во функција на насочување на учењето и покачувањето на нивото на постигањата. Се користат и постапки за самооценување и заемно оценување.
Во секое полугодие ученикот добива најмалку две сумативни оценки.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

### 6.1. Основни карактеристики на наставникот

Покрај условите пропишани со Законот за средно образование наставникот треба да поседува квалитетни стручни знаења од предметот, постојано да ги осовременува и да ги поврзува со актуелните настани што можат да се поврзат со програмските содржини. Наставникот треба да поседува професионални квалитети: да располага со репертоар на наставни методи и техники, да формира збирка на наставни средства, да е организиран, систематичен, да умее да ги користи техничките средства кои му се потребни.

Тој треба да покажува и лични особини потребни за постигнување на целите на предметот: вештини за комуникација, разбирање на емоциите на други, толерантност за поинакви мислења, почитување на индивидуалните разлики, немање предрасуди, способности за конструктивно решавање конфликти.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по психологија ја реализира лице што завршило студии по психологија.

### 6.3. Стандард за простор и опрема

Наставата се реализира во кабинет или класична училница. Училницата треба да биде опремена со соодветни наставни материјали и да бидат на располагање техничките наставни средства со кои располага училиштето.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА ПРОГРАМАТА

### 7.1. Датум на изработка: ноември 2003

### 7.2. Состав на работната група

- м-р Горица Мицковска, самостоен педагошки советник, Биро за развој на образованието
- м-р Елена Лешковска, асистент, Институт за психологија, Филозофски факултет, Скопје
- Тони Анев, професор, Гимназија "Орце Николов", Скопје
- Енѓелуше Лимани, професор, Гимназија "Зеф Љуш Марку", Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**Датум на започнување:** 01.09.2004 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по психологија ја одобри (донесе) ______________________________________________

____________________________________________со решение број____________________од ________________година.